РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
Бр. 05-2446/1
27-02-2019 201 год.
СКОПЈЕ

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

## Извештај за финансиското работење на претпријатието во четвртиот квартал од 2018 година

Скопје, 2019

СОДРЖИНА


I. **Општи информации**

II. **Табеларен приказ на тримесечен финансиски извештај за IV квартал 2018**

III. **Остварени приходи IV квартал 2018**

IV. **Остварени расходи IV квартал 2018**

V. **Биланс на успех IV квартал 2018**

VI. **Табека специфицирани приходи IV квартал 2018**

VII. **Табела спецمی вицирани расходи IV квартал 2018**

VIII. **Извештај за реализирани инвестициони активносати IV квартал 2018**

## ВОВЕД

Овој извештај се изготвува согласно член 5 од Законот за јавните претпријатија и се однесува за периодот X-XII-2018 година. Извештајот се доставува до Владата на Република Македонија, како основач на Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП). Во извештајот е прикажана реализацијата на приходите и приливите, расходите и одливите и инвестициите во четвртиот квартал од 2018 година. Извршена е споредба на нивната реализација во однос на реализацијата во истиот период од 2017 година.

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Јавното Претпријатие за државни патишта е основано на 03.01.2013 година со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија. Претпријатието е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Во периодот октомври - декември 2018 година Јавното претпријатие за државни патишта реализираше задачи утврдени со Програмата за изградба, рехабилитација, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта, при што ги оствари следните активности и соодветни финансиски резултати:

**II.** Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП за државни патишта за периодот **октомври - декември 2018 година**

| Ред.бр. | Опис | План 2018 | Остварено 2017 | Остварено 2018 | Структурна анализа 2018 | Споредбена анализа (остварено 2018/план 2018) | Споредбена анализа (остварено 2018/остварено 2017) | Образложение/Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **ВКУПНИ ПРИХОДИ:** | **7.243.000.000** | **1.921.812.306** | **1.762.870.400** | **100,00%** | 24,34 | 91,73% | |
| 1.1 | Приходи од патарина | 2.750.000.000 | 566.109.886 | 601.784.858 | 34,14% | 21,88 | 106,30% | |
| 1.2 | Приходи од регистрација | 1.650.000.000 | 355.975.756 | 375.939.674 | 21,33% | 22,78 | 105,61% | |
| 1.3 | Други приходи | 43.000.000 | 6.485.725 | 6.672.462 | 0,38% | 15,52 | 102,88% | |
| 1.4 | Дел од акциза од нафтени деривати | 2.800.000.000 | 635.205.301 | 748.590.473 | 42,46% | 26,74 | 117,85% | |
| 1.5 | Приходи од камати,пресметани позитивни курсни разлики и останати долгорочни вложувања | 0 | 358.035.638 | 29.882.933 | 1,70% | 0,00 | 8,35% | |
| | | | | | | | | |
| **2** | **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **3.982.400.000** | **930.489.276** | **1.209.958.125** | **100,00%** | 130 | 130,03% | |
| 2.1 | Трошоци суровини и материјали | 21.000.000 | 10.702.864 | 17.158.448 | 1,42% | 160 | 160,32% | |
| 2.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 961.000.000 | 377.694.805 | 336.530.169 | 27,81% | 89 | 89,10% | |
| 2.3 | Останати трошоци од работење | 571.000.000 | 16.182.303 | 17.904.074 | 1,48% | 111 | 110,64% | |
| 2.4 | Амортизација | 1.550.000.000 | 401.399.090 | 425.763.711 | 35,19% | 106 | 106,07% | |
| 2.5 | Останати расходи од работењето | | 31.889 | 327.252 | 0,03% | 1.026 | 1026,22% | |
| 2.6 | Трошоци за вработените | 250.000.000 | 70.032.100 | 95.390.531 | 7,88% | 136 | 136,21% | |
| 2.7 | Вредносно усогласување (резервации по судски предмети) | | 0 | 27.530.401 | 2,28% | | | |
| 2.8 | Расходи за камати и негативни курсни разлики (финансиски расходи) | 629.400.000 | 54.446.225 | 289.353.539 | 23,91% | 531 | 531,45% | |
| 3 | ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ (ДОБИВКА/ЗАГУБА): | | 991.323.030 | 552.912.275 | | | | |
| 4 | ВКУПНИ НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ: | | 683.373.281 | 1.875.703.070 | | | | |
| 5 | ВКУПНИ НЕНАПЛАТЕНИ ПОБАРУВАЊА | | 4.253.211.623 | 3.317.212.539 | | | | |
| 6 | СОСТОЈБА НА ЖИРО СМЕТКА/И | | 1.822.568.085 | 1.976.589.193 | | | | |
| 7 | ВКУПЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ЛИЦА | | 385 | 447 | | | | |
| | Број на лица вработени на неопределено време во претпријатието/друштвото | | 332 | 339 | | | | |
| | Број на лица вработени на определено време во претпријатието/друштвото | | 53 | 108 | | | | |
| | Број на привремено вработени лица во претпријатието/друштвото | | | | | | | |
| 8 | ИЗНОС НА ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА НЕТО ПЛАТА ВО ПРЕТПРИЈАТИЕТО/ДРУШТВОТО | | 28.844 | 30.754 | | | | |

## III. ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

Планираните приходи на ЈПДП за 2018 година произлегуваат од изворите на средства за финансирање на основната дејност на претпријатието утврдени согласно Законот за јавните патишта и тоа:

1) дел од акцизата од нафтени деривати;
2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4) надоместок за :

   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,

   б) приклучување на пристапен пат на државен пат,

   в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,

   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,

   д) прекумерно користење на пат,

   ѓ) вонреден превоз и

   е) штета сторена на патот и објектите на патот,
5) средства од Буџетот на Република Македонија;
6) заеми и кредити и
7) други приходи.

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Македонија и таа не може да биде помала од 20% од вкупниот приход остварен врз основа на акциза од нафтени деривати.

Во периодот октомври - декември 2018 година ЈП за државни патишта ги има остварено следниве приходи:

1. **Приходот остварен од делот од акцизата од нафтени деривати**, на ЈП за државни патишта во четвртиот квартал од 2018 година изнесува 748.590.473 денари, односно 26,74% од планираните за 2018 година. Во споредба со истиот период од 2017 година овој приход е зголемен за 17,85%, односно за 113.385.172 денари. Согласно Законот за јавните патишта овие средства се трансферираат од Буџетот на Република Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку четири пати годишно, во интервали од најмалку три календарски месеци.

2. **Приход остварен од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина)** остварен е приход во износ од 601.784.858 денари, односно 21,88% од вкупно планираниот приход по оваа основа за 2018 година. Во споредба со истиот период од 2017 година, приходите врз оваа основа се поголеми за 6,30%, односно за 35.674.972 денари. Висината на тој надоместок е определена во зависност од должината на делницата на која се наплаќа надоместокот и од категоријата на возилата во согласност со Одлука донесена од Владата на РМ за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина) бр.19-3442/1 од 14 јули 2009 година и Одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина) ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2014).

3. **Приход остварен од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса)** што се плаќа при **регистрација на возилата,** во извештајниот период е остварен вкупен приход во износ од 375.939.674 денари, што е 22,78% од планираните приходи по таа основа за 2018 година. Во споредба со истиот период од 2017 година, приходот врз оваа основа е поголем за 5,61%, односно за 19.963.918денари. Остварувањето на овој приход е врз основа на примена на Одлуката на Владата на РМ бр.19-4732/1 од 22 септември 2009 година за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) и Одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2014). Според Одлуката, имателите на моторните и приклучните возила, надоместокот го плаќаат при регистрација на возилата годишно, а во зависност од влијанието на возилото врз оштетувањето на патот. Овој приход е намален за износот на средствата кои ЈП за државни патишта ги има вратено на имателите на моторни и приклучни возила кои вршат меѓународен транспорт за деновите поминати во странство, согласно Одлуката.

**4. Други приходи на ЈП за државни патишта согласно Законот за јавни патишта** изнесуваат 6.672.462 денари или 15,52% од планираните средства за 2018 година. Тие беа остварени врз основа на надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта, согласно „Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот“, како и други приходи.

**5.Приходи** од камати во износ од 6.747.945 денари, пресметани позитивни курсни разлики 552.776 денари и пресметани приходи од укинувања на долгорочни резервирања 22.582.212 или вкупно приходи по трите основи 29.882.933 денари.

## IV. ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ

Во периодот октомври - декември 2018 година направени се расходи по следниве позиции:

1. **Трошоци за суровини и материјали и електрична енергија** реализирани се **17.158.448** денари и тоа:

- трошоци за канцелариски материјали------------------ 381.635 денари
- трошоци за средства за хигиена и чистење------------ 80.768 денари
- трошоци за ролни за фискални каси на наплатни станици------- 1.252.234 денари
- трошоци за електрична енергија, гориво и др. трошоци за енергија-- 15.443.811 денари

2. **Услуги со карактер на материјални трошоци** реализирани се **336.530.169** денари:

- трошоци за ПТТ услуги, мобилна телефонија, интернет------ 4.867.196 денари
- трошоци за одржување патишта (Македонијапат)------------- 263.352.764 денари
- трошоци за одржување на опрема, одржување на софтвер, одржување хигиена на наплатни станици и други трошоци--- 7.497.998 денари
- режиски трошоци (вода, собирање смет по наплатни, парно)--- 3.178.762 денари
- трошоци за огласи и изработка на елаборати---------------------- 506.595 денари
- трошоци за надзор над одржување на државни патишта------- 34.062.624 денари
- трошоци за провиизија за здруженија за технички преглед---- 22.889.054 денари
- други трошоци за услуги----------------------------------------------- 175.176 денари

**3. Останати трошоци од работењето реализирани се** **17.904.074** денари:

- надоместоци за членови на УО и НО---------------------------------------- 576.342 денари
- трошоци за репрезентација---------------------------------------------------- 229.550 денари
- трошоци за осигурување (опрема и згради)-------------------------------- 374.854 денари
- трошоци за банкарски провизии--------------------------------------------- 7.972.925 денари
- останати трошоци (административни, судски, нотарски такси)----- 588.515 денари
- трансфери кон ЕЛС за одржување локални патишта и улици------- 2.435.565 денари
- исплати по основ на договори за вработени во проектна единица-- 661.607 денари
- трошоци за вештачења--------------------------------------------------------- 3.112.955 денари
- адвокатски услуги, трошоци по судски извршни, лиценци и др.------ 1.951.761 денари

**4.**Пресметан трошок за амортизација за четвртиот квартал изнесува 425.763.7111 денари

**5.Останати расходи од работењето** (неотпишана вредност и трошоци на расходување) изнесуваат 327.252 денари

**6.Трошоци за вработените во четвртиот квартал се реализирани 95.390.531 денари и тоа:**

- Трошоци за бруто плати------------------------------------------------------------ 81.948.067 денари
- Трошоци за службени патувања во странство------------------------------- 125.896 денари
- Отпремнини за пензија, солидарна помош, одвоен живот, систематски преглед на вработени, осигурување на вработени и др-------------------- 8.897.524 денари
- Трошоци за превоз на инкасанти, обуки и други------------------------------ 4.419.044 денари

**7. Вредносно усогласување (резервации по судски предмети)----------- 27.530.401 денари**

**8. Расходи за камати и пресметани негативни курсни разлики (финансиски расходи) во четвртиот квартал изнесуваат------------------------------------------- 289.353.539 денари и тоа:**

- негативни курсни разлики------------------------------------------------ 253.157.165 денари
- камати---------------------------------------------------------------------------------- 36.196.374 денари

1.Трошоците за суровини, материјали и електрична енергија се поголеми во однос на истиот период минатата година поради тоа што во овој квартал пристигнати и платени се фактури за електрична енергија од претходниот квартал и трошоци направени за приклучоци кон дистрибутивната мрежа за осветлување на клучки и раскрсници на државните патишта.

2.Услуги со карактер на материјални трошоци во извештајниот период се реализирани во износ од 336.530.169 денари.

3.Останати трошоци од работењето се поголеми од однос на истиот период минатата година поради исплатите кои се извршени во овој квартал за осигурување за опрема и згради и поголеми трошоци за вештачење за потребите на експропријацијата.

4.Пресметаниот трошок за амортизација за четвртиот квартал 2018 година изнесува 425.763.711 денари.

5.Останати расходи од работењето (неотпишана вредност и трошоци на расходување) изнесуваат 327.252 денари.

6.Трошоците за вработените во извештајниот период се поголеми во споредба со истиот период минатата година, поради зголемениот број на вработените во однос на истиот период минатата година за 62 вработени (воглавно инкасанти на наплатните станици за патарина), примени по добиени согласности за вработување, потоа исплати во овој квартал за систематски прегледи на вработените, осигурување на вработените.

7. Извршени се резервации по судски предмети во износ од 27.530.401 денари

8.Расходи за камати и пресметани негативни курсни разлики во извештајниот период изнесуватт 289.353.539 денари.

**Напомена**: Пресметаните позитивни и негативни курсни разлики произлегуваат од користењето и отплатата на странски кредити, односно од задолженоста на ЈП за државни патишта.

## V. Табела БИЛАНС НА УСПЕХ четврт КВАРТАЛ 2018 ГОДИНА

во илјада денари (000)

| Поз | Опис | Остварено четврт квартал 2017 | План IV квартал 2018 | Остварено IV квартал 2018 | Споредба остварено тековна година/оств. претх. год | Споредба остварено тековна година/планирано | Структурна анализа тековна година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од дејноста | | | | | | |
| 2 | Акциза | 635.205 | 700.000 | 748.590 | 117,85% | 106,94% | 43,20% |
| 3 | Патарина | 566.110 | 687.500 | 601.785 | 106,30% | 87,53% | 34,73% |
| 4 | Регистрација (патна такса) | 355.976 | 412.500 | 375.940 | 105,61% | 91,14% | 21,69% |
| 5 | Други Приходи | 6.486 | 10.750 | 6.672 | 102,87% | 62,07% | 0,39% |
| 6 | Вкупно приходи од дејноста | 1.563.777 | 1.810.750 | 1.732.987 | 110,82% | 95,71% | 100,00% |
| 7 | Финансиски приходи | | | | | | |
| 8 | Камати | 3.501 | 10.750 | 6.748 | 192,74% | 62,77% | 22,58% |
| 9 | Позитивни курсни разлики | 331.952 | 141.250 | 553 | 0,17% | 0,39% | 1,85% |
| 10 | Пресметани приходи од укинување на долгорочни вложувања | 22.582 | | 22.582 | 100,00% | | 75,57% |
| 11 | Вкупно Финансиски приходи | 358.035 | 152.000 | 29.883 | 8,35% | 19,66% | 100,00% |
| 12 | **Вкупно приходи** | **1.921.812** | **1.962.750** | **1.762.870** | **91,73%** | **89,82%** | **100,00%** |
| 13 | | | | | | | |
| 14 | Расходи од дејноста | | | | | | |
| 15 | Трошоци за материјали и сл. | 10.703 | 5.250 | 17.158 | 160,31% | 326,83% | 3,82% |
| 16 | Трошоци за услуги | 377.695 | 244.750 | 336.530 | 89,10% | 137,50% | 74,94% |
| 17 | Трошоци за плата и надомести | 70.032 | 66.250 | 95.391 | 136,21% | 143,99% | 21,24% |
| 18 | Вкупно Расходи од дејноста | 458.430 | 316.250 | 449.079 | 97,96% | 142,00% | 100,00% |
| 19 | Останати расходи | 16.182 | 0 | 17.904 | 110,64% | #DIV/0! | 2,35% |
| 21 | Останати трошоци | 32 | 4.125 | 327 | 1021,88% | 7,93% | 0,04% |
| 22 | Вредносно усогласување на нетековни средства (расходување) | | | 27.530 | | | 3,62% |
| 23 | Камати од кредити | 48.338 | 176.500 | 36.196 | 74,88% | 20,51% | 4,76% |
| 24 | Амортизација | 401.399 | 450.000 | 425.764 | 106,07% | 94,61% | 55,96% |
| 25 | Негативни курсни разлики | 6.107 | 337.500 | 253.157 | 4145,36% | 75,01% | 33,27% |
| 26 | Вкупно Останати расходи | 472.058 | 968.125 | 760.878 | 161,18% | 78,59% | 100,00% |
| 27 | **Вкупно расходи** | **930.488** | **1.284.375** | **1.209.957** | **130,03%** | **94,21%** | |
| 28 | | | | | | | |
| 29 | Финансиски резултат | 991.324 | 678.375 | 552.913 | 55,78% | 81,51% | |
| 30 | Данок на добивка | | | 0 | | | |
| 31 | Нето Финансиски резултат | 991.324 | 589.613 | 552.912 | 55,78% | 93,78% | |

VI. Табела ТАБЕЛА СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ ЧЕТВРТ КВАРТАЛ 2018

| | 3. Специфицирани приходи | Остварено за четврт квартал 2017 година | Планирано за четврт квартал 2018 година | Остварено за четврт квартал од 2018 година | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%) | Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Патарина | 566.109.886 | 687.500.000 | 601.784.858 | 106,30% | 87,53% | 34,73% |
| 2 | Регистрација | 355.975.756 | 412.500.000 | 375.939.674 | 105,61% | 91,14% | 21,69% |
| 3 | Други приходи од дејноста | 6.485.725 | 10.750.000 | 6.672.462 | 102,88% | 62,07% | 0,39% |
| 4 | Дел од акциза од нафтени деривати | 635.205.301 | 700.000.000 | 748.590.473 | 117,85% | 106,94% | 43,20% |
| 5 | **Вкупни оперативни приходи (1+2+3+4)** | **1.563.776.668** | **1.810.750.000** | **1.732.987.467** | 110,82% | 95,71% | 100,00% |
| | **Останати приходи** | | | | | | |
| 6 | Приходи од камати | 3.501.426 | | 6.747.945 | 192,72% | | 22,58% |
| 7 | Приходи од позитивни курсни разлики | 331.952.000 | 0 | 552.776 | 0,17% | | 1,85% |
| 8 | Пресметани приходи од укинување на догорочни резервирања | 22.582.212 | | 22.582.212 | 100,00% | | 75,57% |
| 8 | **Вкупно останати приходи (6+7)** | **358.035.638** | **0** | **29.882.933** | 8,35% | | 100,00% |
| 9 | **Вкупно приходи (5+8)** | **1.921.812.306** | **1.810.750.000** | **1.762.870.400** | **91,73%** | | |

## VII. Табела СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ ЧЕТВРТ КВАРТАЛ 2018

| | **4. Специфицирани расходи** | **Остварено за четврт квартал 2017 година** | **Планирано за четврт квартал 2018 година** | **Остварено за четврт квартал од 2018 година** | **Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%)** | **Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%)** | **Структурна Анализа Тековна година (%)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Трошоци за суровини и материјали | 10.702.864 | 5.250.000 | 17.158.448 | 160,32% | 326,83% | 1,92% |
| 2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 377.694.805 | 240.250.000 | 336.530.169 | 89,10% | 140,07% | 37,70% |
| 3 | Останати трошоци од дејноста | 16.182.303 | 142.750.000 | 17.904.074 | 110,64% | 12,54% | 2,01% |
| 4 | Трошоци за вработени | 70.032.100 | 62.500.000 | 95.390.531 | 136,21% | 152,62% | 10,69% |
| 5 | Амортизација | 401.399.090 | 387.500.000 | 425.763.711 | 106,07% | 109,87% | 47,69% |
| 6 | **Вкупни оперативни расходи (1+2+3+4+5)** | **876.011.162** | **838.250.000** | **892.746.933** | 101,91% | 106,50% | 100,00% |
| | **Останати расходи** | | | | | | |
| 7 | Вредносно усогласување на нетековни средства | 0 | 0 | 27.530.401 | | | 8,68% |
| 8 | Останати расходи од работењето | 31.889 | 0 | 327.252 | 1026,22% | | 0,10% |
| 9 | Расходи по основ на камати | 48.338.847 | 145.100.000 | 36.196.374 | 74,88% | | 11,41% |
| 10 | Расходи по основ на курсни разлики | 6.107.378 | 12.250.000 | 253.157.165 | 4145,10% | | 79,81% |
| 12 | **Вкупно останати расходи (7+8+9+10+11)** | **54.478.114** | **157.350.000** | **317.211.192** | 582,27% | | 100,00% |
| 13 | **Вкупно расходи (6+12)** | **930.489.276** | **995.600.000** | **1.209.958.125** | **130,03%** | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Трошоци за плати и придонеси | 66.464.172 | | 81.948.067 | | | |
| 2 | Просечен број на вработени | 385 | | 447 | | | |

VIII Извештај за реализирани ивестициони активности во IV квартал 2018 година:

| Инвестициона програма | Програма 2018 година | Реализација X-XII-2018 | Реализација X-XII-2017 | Споредба X-XII-2018 /X-XII- 2017 | Реализација X-XII 2018/програма 2018 | Структура на одделни во вк. реализирани инвестиции во периодот X-XII 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно инвестиции** | **16.748.600.000** | **2.761.549.544** | **2.954.989.420** | **93,45** | **16,49%** | **100,00%** |
| **1) Инвестиции од сопствени средства** | **3.434.600.000** | **848.141.377** | **631.081.592** | **134,39** | **24,69%** | **30,71%** |
| * Градба, осветлување, сигнализација, мостови, тунели, свлечишта и сопствено учество во инвестиции од странски кредити | 2.236.600.000 | 532.677.411 | 433.445.325 | 122,89 | 23,82% | 19,29% |
| *Инвестиционо одржување на патишта (Македонија пат) | 470.000.000 | 98.523.557 | 55.854.286 | 176,39 | 20,96% | 3,57% |
| *Надомест за одземен имот - експропријација | 122.000.000 | 114.982.671 | 20.438.369 | 562,58 | 94,25% | 4,16% |
| *Расходи за инфраструктурни проекти и надзор | 579.000.000 | 99.985.578 | 120.130.744 | 83,23 | 17,27% | 3,62% |
| *Опрема | 27.000.000 | 1.972.160 | 1.482.868 | 133,00 | 7,30% | 0,07% |
| **2) Инвестиции од странски кредити** | **13.314.000.000** | **1.913.408.167** | **2.323.907.828** | **82,34** | **14,37%** | **69,29%** |

1. **За инвестиции од сопствени средства** во извештајниот период беа реализирани 848.141.377 денари и тоа:

- Средствата во износ од 532.677.411 денари беа потрошени за ситуации за градба и тоа; санација на магистрален пат Неготино-Демир Капија, Сарај-Групчин, Тркање-Пишица, Здуње-Колари, делница Петровец-Катланово, Битола-Новаци, кружен тек граничен премин Блато, Биљанини извори (Охрид) – х.Метропол, Матејче-Липково, Кочани-Пониква, Радовиш-Подареш, рехабилитација обиколница Скопје (Стајковци-Миравци), Петровец-Миладиновци и Кадино-Хиподрум, обиколница Битола, Битола-Новаци, Негорци-Гевгелија, Велес-Градско потоа санација на свлечишта и рехабилитација на мостови, поставување сообраќајна сигнализација

на државни патишта и осветлување на клучки. Исто така реализирани се средства за сопствено учество во инвестиции од странските кредити и тоа за исплатата на ДДВ по ситуации за проекти финансирани од кредити од ЕБОР и најголем дел сопственото учество во инвестициите финансирани од Ексим банка за патните правци Миладиновци-Штип и Кичево-Охрид.

- За инвестициско одржување на државните патишта во четвртиот квартал од 2018 година потрошени се средства во износ од 98.523.557 денари согласно Договорот за услуги и Програмата за одржување на државните патишта со ЈП "Македонија пат".

- За надомест за одземен имот, односно експропријација беа потрошени 114.982.671 денари.

- За реализација на ставката расходи за инфраструктурни проекти и надзор во четвртиот квартал од годината беа потрошени 99.985.578 денари, односно 17,27% од вкупно планираните средства за 2018 година. За надзор над изградбата и одржувањето на патиштата беа потрошени 87.274.505 денари и тоа за надзор над градби финансирани од меѓународни кредити, како и надзор над изградбата на проектите финансирани од сопствени средства за кои ЈП за државни патишта има склучено договори. За изработка или дополнување на инфраструктурни проекти во извештајниот период реализирани се 12.711.073 денари.

- За набавка на опрема и софтвер во извештајниот период потрошени се 1.972.160 денари и тоа за набавка на опрема за наплатните станици и лиценци за антивирус.

2. **За инвестициите од странски кредити**, беа реализирани вкупно 1.913.408.167 денари. Од нив, за реализација на Проектот за подобрување на регионалните патишта, Проектот за електронска наплата на патарини, Програма за национални патишта и Проектот за финансирање на изградба на патот Штип-Радовиш финансирани од **ЕБОР** потрошени се 370.109.966 денари; од кредитот од **Светска Банка** за реализација на Проектот за подобрување на магистрални и регионални патишта потрошени се 220.902.392 денари, ЕИБ банка 1.495.683 и инвестиции кои се реализираат од кредитот од **Ексим банка** 1.320.900.126 денари.

Директор
Зоран Китанов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА СКОПЈЕ